**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Десеттата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 7.3.2019 година

Скопје, март 2019 година

З А П И С Н И К
од Десеттата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 7.3.2019 година

Седницата започна во 12:15 часот.

Со седницата претседаваше заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска од Министерството за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје и членовите: Миљазим Мустафа, Министерство за правда; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Гордана Ивановска-Велковска, Министерство за култура; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово, Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје, Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Виктор Митевски, Министерство за финансии; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика;Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола и Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа и: Андријана Велевска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Милица Коцевска, Министерство за труд и социјална политика (замена за Душан Томиќ); Маја Петковска-Лесес, Кабинет на Роберт Поповски, министер без ресор во Владата, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Ирена Иванова, Делегација на Европската Унија и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записниците од осмата седница на Советот, одржана на 26.11.2018 година и деветтата седница на Советот, одржана на 12.2.2019 година

1. Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2018 година
2. Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2018 година
3. Номинирање претставници на граѓански организации за членови во работната група на Министерството за правда за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации
4. Номинирање двајца претставници на граѓански организации за членови во Секторската работна група за регионален и локален развој на Министерството за локална самоуправа
5. Предлог-образец на пријава за воспоставување нов регистар на граѓански организации на www.nvosorabotka.gov.mk (за информирање)
6. Известување за промена на членот на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (за информирање)
7. Консултации за Повикот за оперативни грантови од програмата – IPA Civil Society Facility 2018/2019
8. Прашања и предлози

*

* *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор едногласно и без забелешки ги усвои записниците од осмата и деветта седница.

Пред преминувањето кон дневниот ред, Советот едногласно ги утврди усогласените текстот на Мислењето по Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година и Извештајот со предлог мерки/барања до надлежните институции, за состојбите со говорот на омраза и делата од омраза и нападите на ЛГБТИ центарот за поддршка.

*

* *

**<u>Точка 1</u>**

Советот ја разгледа ажурираната верзија на Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2018 година, согласно забелешките од претходната седница. Во однос на активностите за кои во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата е предвиден рок на спроведување 2018 – континуирано, Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека во табеларниот дел на Извештајот, степенот на спроведување е задржан (реализирано), а колоната „Ризици и проблеми и предлози за надминување“ е дополнета во смисла дека оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018, а активностите ќе продолжат во 2019/2020, освен кај активностите 2.1, 2.2. и 3.1. каде е наведено дека „Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува анализата на моделот на даночен третман на граѓанските организации да има поширок опфат од измените на Законот за персоналниот данок на доход и измените на Законот за данокот на добивка“.

Фани Каранфилова-Пановска побара од Одделението за соработка со невладини организации да го коригира степенот на спроведување на активноста 2.1.Спроведување на јавни консултации за предизвиците и искуствата со цел избор на најпогоден модел за даночен третман на граѓанските организации и наместо „реализирано“ да стои „во тек“, а забелешката во колоната „Ризици и проблеми и предлози за надминување“, да се дополни дека Советот препорачува Министерството за финансии да организира консултации со граѓанските организации во врска со усвоените измени во даночната рамка и да утврди дали измените соодветствуваат на потребите на организациите, што беше поддржано од останатите членови на Советот.

Гордана Гапиќ-Димитровска препорача Одделението за соработка со невладини организации да доставува до Советот статус на реализација на мерките и активностите од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018 – 2020) на секои три месеци.

Сабина Факиќ предложи за сите активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата што се однесуваат на изработка на закони или подзаконски акти, надлежните институции да ги доставуваат предлозите на актите на мислење до Советот пред нивното усвојување, а како пример го посочи Нацрт-упатството на Секретаријатот за европски прашања за регистрација на проекти во ЦДАД базата (активност 2.4).

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018 – 2020), во 2018 година и оцени дека истиот претставува реален приказ на реализираните мерки и активности во текот на 2018 година, со исклучок на активноста 2.1. за која препорачува степенот на спроведување да се замени „во тек“, а во колоната „Ризици и проблеми и предлози за надминување“, да се наведе: „Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува анализата на моделот на даночен

третман на граѓанските организации да има поширок опфат од измените на Законот за персоналниот данок на доход и измените на Законот за данокот на добивка. Советот препорачува Министерството за финансии да организира консултации со граѓанските организации во врска со усвоените измени во даночната рамка и да утврди дали измените соодветствуваат на потребите на организациите“.

2. Советот препорачува органите на државната управа во 2019 година навреме да ги планираат и да ги реализираат активностите од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, согласно утврдените рокови и со консултации и вклучување на граѓанските организации, а за активностите кои содржат изработка на закони или подзаконски акти, предлозите на актите да ги доставуваат на мислење до Советот пред нивното усвојување.
3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации, Мислењето по Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018 – 2020), во 2018 година, да го достави до Владата на Република Северна Македонија.
4. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да го информира Советот за статусот на реализација на мерките и активностите од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) на секои три месеци.
5. Се укажува на членот од Секретаријатот за европски прашања, за наредната (редовна) седница на Советот, да го достави Нацрт-упатството за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош (ЦДАД).

<u>**Точка 2**</u>

Советот го разгледа новиот текст на Извештајот за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2018 година, подготвен од страна на Одделението за соработка со невладини организации согласно забелешките и укажувањата на Советот од претходната седница.

Гордана Гапиќ-Димитровска препорачаа Табелата за евиденција на присуство на членовите на Советот да биде составен дел на Извештајот, а Фани Каранфилова-Пановска побара обележувањето на присуството во боја да биде заменето со формулациите „присутен“, „отсутен“ или „присутна замена“.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа и усвои Извештајот за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2018 година, со укажување Табелата за евиденција на присуство на членовите на Советот да биде составен дел на Извештајот, а обележувањето

на присуството во боја да се замени со „присутен", „отсутен" или „присутна замена".
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации, Извештајот за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2018 година, да го достави до Владата на Република Северна Македонија.

<u>Точка 3</u>

Во врска со иницијативата на Одделението за соработка со невладини организации, со поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар и во соработка со Министерството за правда, да се организираат четири консултативни средби со граѓанските организации во Скопје, Прилеп, Гостивар и Штип, од 21 до 29 март 2019 година, согласно активноста 1.1. од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, Љупчо Петковски укажа дека Министерството за правда треба да има своја методологија за измена на Законот за здруженија и фондации, па дури потоа Советот да ги понуди своите ресурси и да номинира претставници од граѓанскиот сектор во работната група.

Уранија Пировска предложи Советот да поднесе Барање до Министерството за правда да информира за планираната методологија и временска рамка за измена на Законот за здруженија и фондации, вклучително и за формирањето на работна група и организирањето јавни расправи.

Членовите на Советот го подржаа ваквиот став и констатираа дека Министерство за правда треба да бидат носители на процесот за измена на Законот за здруженија и фондации и предложија консултативните средби со граѓанските организации планираните за крајот на март 2019 година да се одложат.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го одложи номинирањето на претставници на граѓански организации за членови во работната група на Министерството за правда за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации за една од наредните седници.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да подготви Барање на известување од Министерството за правда во врска со планираната методологија и временска рамка за измена на Законот за здруженија и фондации, вклучително и за формирање на работна група за изработка на измените на законот и за организирање на консултации со граѓанските организации.
3. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува консултативните средби со граѓански организации за измена на Законот за здруженија и фондации, планирани да се одржат со поддршка на Граѓанскиот

ресурсен центар, во периодот од 21 до 29 март 2019 година, во Скопје, Прилеп, Гостивар и Штип, да се одложат.

**Точка 4**

Ели Чакар извести дека согласно последните насоки од Делегацијата на Европската Унија, планирано е 6 милиони евра да бидат алоцирани за областа регионален и локален развој. Средствата ќе бидат доделени за проекти за поддршка на ефективноста и ефикасноста на општините, преку пилотирање на паметни решенија за решавање на предизвиците во локалните самоуправи, во партнерството со локалните власти од земјите-членки на ЕУ. За таа цел, потребно е формирање на Секторска работа група за регионален и локален развој, а Министерството за локална самоуправа бара од Советот да одреди двајца претставници од граѓанските организации, кои поседуваат експертиза во областа, да земат учество во секторската работна група.

За членови во Секторската работна група за регионален и локален развој, се пријавија членовите на Советот: Лилјана Јоноски, Ана Чоловиќ-Лешоска и Марјан Николов, кој иако не присуствуваше на седницата, достави претходно известување до членовите на Советот по електронски пат.

**Заклучок:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за членови на Секторската работна група за регионален и локален развој на Министерството за локална самоуправа ги номинира:
   - Лилјана Јоноски од Здружението Рурална коалиција Куманово и
   - Ана Чоловиќ-Лешоска од Здружението Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.
2. За заменик-член на Секторската работна група за регионален и локален развој Советот го номинира Марјан Николов од Центарот за економски анализи Скопје.

**Точка 5**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска ги образложи разликите во Предлог-образецот на пријава за воспоставување нов регистар на граѓански организации на www.nvosorabotka.gov.mk, од постојниот образец со кој се регистрирани 190 граѓански организации на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организацииподјаснувајќи, дека како сектори на дејствување на граѓанските организации се наведени 16 области согласно структурата на Советот, со цел да се олесни комуникацијата и консултациите на членовите, а поделбата според поглавјата од законодавството на ЕУ во кое организацијата дејствува е со цел поддршка на процесот на вклучување на граѓанските организации во пристапните преговорите за членство во ЕУ.

Христина Конеска-Бероска предложи во делот на Поглавја од законодавството на ЕУ во кое здружението/фонацијата дејствува, подглавјето 23 да се подели на три дела „правосудство“, „борба против корупција“ и „фундаментални права“, а да се додаде уште една посебна област „реформа на јавната администрација“.

Љупчо Петковски укажа дека ваквиот Регистар на невладини организации ќе го олесни и процесот на избор на членови на Советот од редот на организациите и понуди своја поддршка и помош на Одделението за соработка со невладини организации за воспоставување на Регистарот.

Ирена Иванова препорача Регистарот да содржи статут, финансиски извештаи и други документи на организациите, слично на PADOR системот на ЕУ (Potential Applicant Data On-Line Registration).

Фани Каранфилова-Пановска предложи воспоставувањето на новиот регистар на граѓански организации на www.nvosorabotka.gov.mk да се одложи до усогласувањето на текстот на Моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на пристапните преговори за членство во Европската Унија.

**Заклучок:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го одложи од разгледување Предлог-образецот на пријава за воспоставување нов регистар на граѓански организации на www.nvosorabotka.gov.mk, до усогласување на Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на пристапните преговори за членство во Европската унија.

## Точка 6

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со писмено известување номинираше нов член во Советот, Андрија Велевска, а Одделението за соработка со невладини организации иницираше постапка за измена на Решението за назначување на членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

## Точка 7

Ирена Иванова од Делецијата на Европската унија ги информираше членовите на Советот во врска со Повикот за оперативни грантови од повеќекорисничката програма за граѓанско општество Civil Society Facility 2018/2019, што се очекува да биде објавен април 2019 година, а за приоритетните области се направени широки консултации со граѓанскиот сектор. Дополнително информираше дека оперативните грантови се нов инструмент на ИПА и дека за прв пат во државата ќе бидат објавени од портфолиото 2018-2020 година. Вкупнот буџет е 500.000 евра, а поединечните грантови ќе бидат од 40.000 до 80.000 евра. Станува збор за исклучително значајни грантови кои оперативно

и институционално ќе ги поддржат организациите и ќе ја овозможат нивната активна улога во следење на политиките во процесот на преговори за членство во Европската унија. Делегацијата на ЕУ има ангажирано тројца експерти за проценка на потребите на граѓанските организации за програмирање на финансиска поддршка преку ИПА.

Ана Чоловиќ-Лешоска оцени дека тешко може да се достигне сумата од 80.000 за поединечен грант, потсекторите во делот животна средина и климатски промени се прешироко поставени. Укажа дека ќе достави писмени забелешки.

Јане Чаловски забележа дека во делот на секторите/приоритетите недостасува областа Култура.

**<u>Точка 8</u>**

Гордана Гапиќ-Димитровска информираше за работата на Работната група за изработка на предлог за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и на Деловникот за работа на Советот. Работната група предлага во членот 3 од Одлуката за формирање на Советот да се предвидат заменици на членовите со право на глас, а овие одредби да почнат се применуваат при изборот на наредниот состав на Советот. Во врска со отсуствата на членовите од седниците на Советот, Работната група предлага наместо „неоправдано отсуство од седниците на Советот подолго од шест месеци или две последователни седници“ основ за престанок на членување во Советот да биде отсуство од четири седници во текот на една година, поради неможноста да се процени дали отсуството е оправдано или неоправдано.

Фани Каранфилова-Пановска предложи како основ за престанок на членување во Советот да биде отсуство од три седници во текот на една година, а поради предлогот за одложена примена, воведување заменици-членови да се разгледа при евентуалната наредна измена на Одлуката, што беше поддржано од членовите на Советот.

Советот дискутираше и по препораките од експертите од Твининг проектот "Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор" во Советот да има член од Одделението за соработка со невладини организации, со право на глас. Сабина Факиќ го изнесе својот став дека Одделението за соработка со невладини организации ги организира седниците и дава административна и стручна поддршка на Советот, активно учествува во дискусијата по точките од дневниот ред и поради тоа не е неопходно да има член со право на глас. Ваквиот став беше поддржан од останатите членови на Советот.

Гордана Гапиќ-Димитровска ги извести членовите дека на 16 април 2019 година се навршува првата годишнина од формирањето на Советот и предложи по тој повод да се организира настан, на кој би се презентирал Извештајот за работата на Советот во 2018 година, Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на пристапните преговори за членство во Европската унија и би се отворила дебата за идните очекувања од Советот.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор заклучи да се пристапи кон изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, при што член 9 став 1 алинеја 2 да се измени и да гласи: „отсуство од три седници на Советот во текот на една година“.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да подготви Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

*

*     *

Седницата заврши во 15:00 часот.

11-та (тематска) седница на Советот, за финансиска поддршка на граѓанските организации од буџетот на Владата и органите на државната управа во 2018 и 2019 година, ќе се одржи на 19.03.2019 година во 12:30 часот.

Заменичка на Претседателката на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор
Гордана Гапиќ-Димитровска.

Подготвила: Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска